Тип на документ:
Закон за изменување и дополнување
Објавен во Службен весник број:
103/2008
Датум на објавување:
19.8.08

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

## Член 1

Во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на Република Македонија" број 68/2004 и 28/2006), во членот 24 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Владата на Република Македонија пропишува критериуми и постапка за распределба на средствата од ставот (1) алинеја 3 на овој член."

## Член 2

Во насловот на Главата VII зборовите: „Казнени одредби" се заменуваат со зборовите: „Прекршочни санкции".

## Член 3

Во членот 43 став (1) воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице давател на услугата, ако:".

Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице давател на услуга."

## Член 4

Во членот 44 став (1) воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице корисник на услугата, ако:".

Во ставот (1) точката 19 се брише.

Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице корисник на услугата."

Ставот (3) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на физичко лице корисник на услугата."

## Член 5

По членот 44 се додава нов член 44-а, кој гласи:

„Член 44-а

(1) Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот основен суд.

(2) Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон, надлежните инспектори утврдени со овој закон водат постапка за порамнување.

(3) Надлежните инспектори се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(4) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување надлежниот инспектор составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот,
описот на дејствието и лицата затекнати на самото место.

(5) Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот.

(6) Надлежните инспектори можат во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот да му дадат платен налог и доколку сторителот го прими платниот налог е должен истиот да го потпише, а примањето на платниот налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(7) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(8) Надлежните инспектори се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход."

## Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".